АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-727/24
19-09-2016 201 год.
СКОПЈЕ

ул. . „Стале Попов„ бр.9 мезанин локал 5 , Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 169 став 1 алинеја 7 и член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08 ,97/10 ,53/11,185/11 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 ,78/15 и 192/15) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, а во врска со Барање за поништување бр.05-2853/1 од 16.09.2016 г од Секторот за стопанисување со деловен простор по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.07/2016 Директорот на Друштвото донесе:

# О Д Л У К А
## за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр. 07/2016 за Набавка на систем за набљудување и снимање(видео-мониторинг) и систем за радио врски

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со прибирање на понуди со електронска аукција за **Набавка на систем за набљудување и снимање(видео-мониторинг) и систем за радио врски бр.07/2016** , согласно член 169 став 1 алинеја 7 од ЗЈН (договорниот орган оцени дека тендерската документација содржи битни повреди или недостатоци до моментот на отварање на понудите).

Се задолжува Договорниот орган да објави известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН во рок од 30 (триесет) дена од денот на поништувањето на постапката согласно член 170 став 2 од Законот за јавни набавки.

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

### Образложение:

По објавување на огласот за јавна набавка за **Набавка на систем за набљудување и снимање(видео-мониторинг) и систем за радио врски** во законскиот рок за поставување на прашања**,** од страна на повеќе економски оператори, беа поставени повеќе прашања, односно имаше забелешки во однос на техничката спецификација за Набавка на систем за набљудување и снимање(видео-мониторинг) и систем за радио врски.

Согласно погоренаведеното врз основа на Барање за поништување бр.05-2853/1 од 16.09.2016 г на постапката од Секторот за стопанисување со деловен простор поради разлики во техничката спецификација која е сообразена со стандардите на Република Македонија, иако за користење на техничката спецификација е дадена согласност од Советот за јавни набавки,

договорниот  орган донесе одлука за поништување на постапката.

Врз основа на сето погоре  наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Генерален  Директор**
**Шеваљ Цеку ,  дипл.социолог**

**Доставено до:**
Сектор за правни и општи работи
Сектор за економско-финансиски работи и информатика
Сектор за стопанисување со деловен простор
Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев
Архива